

# ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ ЗА ДОЗВОЛИ ЗА УВОЗ, ИЗВОЗ И ТРАНЗИТ НА СТОКИ И ТАРИФНИ КВОТИ - EXIM

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ ЗА УВОЗНО-ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ

Поради карактерот на едношалтерскиот систем, за олеснување при користењето на системот, воведена е измена на начинот на плаќање на администратвни такси и други надоместоци за увозно-извозни дозволи. Со овој начин на плаќање, за корисниците на системот, се избегнува потребата од ставање на увид на хартиениот документ за извршената уплата. Овој начин на наплата е воведен за подготовка на безхартиена околина во процесот на неговото користење.

### Начин на плаќање на административни такси

### Правен основ

***Закон за административните такси*** („Службен весник на РМ“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08 и 130/08) со кој се предвидува плаќањето на административна такса за поднесоци и решенија во електронска форма, независно од износот, да биде во готови пари (вирмански), при што плаќањето може да се врши во кој било момент до издавањето на решението; и

***Правилник за дополнување на правилникот за класификација на приходите и Упатство за дополнување на упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи*** („Службен весник на РМ“ бр.105/08) со кој се врши класификација на приходите и начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи.

### Постапка

За потребите на системот согласно соодветните измени во Законот за административните такси:

Таксата за поднесоците кои се поднесуваат во електронски облик се плаќа во готови пари исклучиво на соодветна сметка во рамките на трезорската сметка“. (Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за административните такси („Службен весник на РМ“ бр. 88/08)).

За таа цел извршени се измени дополнувања на Правилникот за класификација на приходите („Службен весник на РМ“ бр. 105/08), за отварање на посебна сметка за административни такси за увозни, извозни и транзитни дозволи, која ќе биде заедничка за сите партиципирачки владини институции, кои наплаќаат административни такси, каде согласно членот 2 е предвидено:

„Во поткатегоријата 72 - Неданочни приходи, ставка 722 - Такси и надоместоци, во аналитиката ставка 7223 - Административни такси, додадена е нова потставка 722322 која гласи: „722322 Административни такси за увоз, извоз и транзит на стока“.

Исто така, согласно дополнувањето на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи („Службен весник на РМ“ бр.105/08), во шифрарникот на уплатни сметки

за јавни приходи, во делот I. Приходи на Републиката и единиците на на локалната самоуправа, во точката 5. Такси, во потточката 5.1 Административни такси, по уплатната под реден број 7 се додава нова уплатна сметка под реден број 8 која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | 840-03413 | административна такса за увоз, извоз и транзит на стока | 722322 |

Со ова е воспоставена потсметка на уплатната сметка 840***03413 , за потребите на овој едношалтерскиот систем.

**ЗА ПОЕДНОСТАВНО И ПОБЕЗБЕДНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА УПЛАТИТЕ НАПРАВЕНИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ ГО ДАВАМЕ СЛЕДНОТО ПОЈАСНУВАЊЕ:**

**1. Начин на пополнување на налогот за јавни приходи образецот ПП 50:**

**1.1 Во случај кога се поднесува барање за издавање на лиценца во елеткронски облик преку едношалтерскиот систем EXIM:**

Во рубриката:
- **ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ- ЗАДОЛЖУВАЊЕ**:

Се пополнува единствениот референтен број под кој се регистира барањето во едношалтерскиот систем EXIM, кој се добива автоматски од системот и тоа:

референтен број (кој се состои од 18 цифри) и содржи:

- на првите четири места шифра на потврдите, уверенијата, согласностите, дозволите, решенијата, одобренијата,
- од петтото до дванаесеттото место е ГГГГ/мм/дд (година,месец, ден), и
- од тринаесеттото до осумнаесеттото место е за еднозначен реден број на потврдата, уверението, согласноста, дозволата, решенијата, одобрението

(пример: I00320081031000156)

Во рубриката:
- **ЦЕЛ НА ДОЗНАКА:**

се наведува шифрата на лиценцата и шифрата на органот (институцијата која е одговорна за нејзнино издавање) согласно дадената табела (пр. I003 МВР, I045 МЗШВВУ)

Во рубриката:
- **ИЗНОС**

се пополнува вкупниот износ на име административната такса, кој го сочинуваат: 1) износот на уплатата по основ на барањето за издавање дозвола и/или 2) износот на уплатата по основ на издавање на решение, односно дозвола

**ЗАБЕЛЕШКА: За секоја лицненца се врши посебна уплата (на посебен налог).**

**1.2 Во случај кога барањето се поднесува во хартиен облик, односно уплатата е извршена претходно (што значи дека барателот нема добиено референтен број од едношлатерскиот електронски систем):**

Рубриката:
**- ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ- ЗАДОЛЖУВАЊЕ**
се наведува шифрата на лиценцата и шифрата на органот (институцијата која е одговорна за нејзнино издавање) согласно дадената табела (пр. I003 МВР, I045 МЗШВВУ )

Во рубриката
**- ЦЕЛ НА ДОЗНАКА**
се наведува шифрата на лиценцата и шифрата на органот (институцијата која е одговорна за нејзнино издавање) согласно дадената табела (пр. I003 МВР, I045 МЗШВВУ )

Во рубриката:
**- ИЗНОС**
се пополнува вкупниот износ на име административната такса, кој го сочинуваат: 1) износот на уплатата по основ на барањето за издавање дозвола и/или 2) износот на уплатата по основ на издавање на решение, односно дозвола

**Следниве податоци не се менуваат и се однесуваат на двата начина на пополнување на налогот за јавни приходи образецот ПП 50**

**- НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ – БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**- БАНКА НА ПРИМАЧОТ – НАРОДНА БАНКА НА РМ**
**- СМЕТКА** – единствена трезорска сметка **100000000063095**
**- УПЛАТНА СМЕТКА – 840 XXX 03413** (се внесува ознаката на општината согласно списокот објавен со Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи) на пр. за регион 179 (општина Карпош) - 84017903413
**- ПРИХОДНА ШИФРА 722322**
**- ДАТУМОТ НА ВАЛУТАТА И ДАТУМОТ НА УПЛАТАТА** треба да бидат идентични
**- НАЧИН** – пр. за да може уплатувачот веднаш да ја користи уплатата потребно е да биде пополнето со 1 т.е. уплатата веднаш ќе биде реализирана од банка, или 2 т.е. уплатата ќе биде реализирана со датумот на валутата

Овој начин на наплата на административната такса и други надоместоци за институциите кои учествуваат во овој систем, се приемнува за сите уплати на име административни такси. За лиценците опфатени во едношалтерскиот систем (список на лиценци и шифри кои се применуваат е даден во следната табела) уплатите се вршат **ИСКЛУЧИВО** на наведената сметка без оглед на начинот на кој (електронски или хартиен) се поднесува барањето до надлежната институција.

## ТАБЕЛА - ПРЕГЛЕД НА ШИФРИ НА ЛИЦЕНЦИ И НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА НИВНО ИЗДАВАЊЕ

| **Шифра на лиценца** | **Шифра на органот** | **Опис на шифрата** | **Надлежна институција** |
|---|---|---|---|
| I031 | МВР | Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | Министерство за внатрешни работи |
| I032 | МВР | Одобрение за превоз на оружје и муниција при увоз | Министерство за внатрешни работи |
| E021 | МВР | Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при извоз | Министерство за внатрешни работи |
| E022 | МВР | Одобрение за превоз на оружје и муниција при извоз | Министерство за внатрешни работи |
| T002 | МВР | Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при транзит | Министерство за внатрешни работи |
| T003 | МВР | Одобрение за превоз на оружје и муниција при транзит | Министерство за внатрешни работи |
| I033 | МВР | Одобрение за набавка(трансфер) на експлозиви и експлозивни материи при увоз | Министерство за внатрешни работи |
| I034 | МВР | Одобрение за превоз на експлозивни материи при увоз | Министерство за внатрешни работи |
| E024 | МВР | Одобрение за превоз на експлозивни материи при извоз | Министерство за внатрешни работи |
| T005 | МВР | Одобрение за превоз на експлозивни материи при транзит | Министерство за внатрешни работи |
| N853 | МЗШВУВ | Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за ветеринарство |
| N640 | МЗШВУВ | Ветеринарен влезен документ за живи животни | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за ветеринарство |
| I046 | МЗШВУВ | Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за ветеринарство |
| I047 | МЗШВУВ | Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за ветеринарство |
| I002 | МЗШВФУ | Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фитосанитарна управа |
| N851 | МЗШВФУ | Документ за здравствена безбедност при движење на растенијата | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фитосанитарна управа |
| I004 | МЗШВУССМ | Одобрение за увоз на семе и саден материјал | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за семе и саден материјал |
| E001 | МЗШВУССМ | Одобрение за извоз на семе и саден материјал | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за семе и саден материјал |
| I005 | МЗШВДИЗ | Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државен инспекторат за земјоделство |
| I006 | МЗШВ | Одобрение за увоз на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| E017 | МЗШВ | Одобрение за извоз на трупци, огревно дрво и други производи од дрво | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| E002 | МЗШВ | Одобрение за извоз на ореови, црешови и костенови трупци | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| I024 | МЗШВ | Одобрение за увоз на мрежи за стопански риболов | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| I007 | МЗДХ | Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | Министерство за здравство, Дирекција за храна |
| I008 | МЗДСЗИ | Согласност за царинење на предмети за општа употреба | Министерство за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат |
| I045 | МЗДСЗИ | Согласност за царинење на  козметички производи | Министерство за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| I040 | МЗБЛ | Одобрение за увоз на лекови | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| E040 | МЗБЛ | Одобрение за извоз на лекови | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| I041 | МЗБЛ | Одобрение за увоз на медицински помагала | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| E041 | МЗБЛ | Одобрение за извоз на медицински помагала | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| I050 | МЗБЛ | Дозвола за увоз на опојни дроги и психотропни супстанции | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| E050 | МЗБЛ | Дозвола за извоз на опојни дроги и психотропни супстанции | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| I010 | МЗБЛ | Дозвола за увоз на прекурсори | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| E005 | МЗБЛ | Дозвола за извоз на прекурзори | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| T010 | МЗБЛ | Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| I042 | МЗБЛ | Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| E042 | МЗБЛ | Одобрение за извоз на опасни и други видови на хемикалии | Министерство за здравство, Биро за лекови |
| I012 | МЕ | Решение за дозвола увоз Д8 | Министерство за економија |
| E004 | МЕ | Решение за дозвола извоз Д8 | Министерство за економија |
| I014 | МЕБМ | Одобрение за тип на возило | Министерство за економија, Биро за метрологија |
| I013 | МЕБМ | Потврда за идентификација на единечно возило | Министерство за економија, Биро за метрологија |
| I015 | МЕБМ | Потврда за сообразеност на единечно прегледано возило | Министерство за економија, Биро за метрологија |
| I016 | МЕБМ | Решение за упис/одбивање во регистар на Биро за метрологија при увоз | Министерство за економија, Биро за метрологија |
| I026 | МЖСПП | Дозвола за увоз на употребувана техничка стока која содржи разладни средства | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| I019 | МЖСПП | Дозвола за увоз на разни производи на хемиската индустрија | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| E019 | МЖСПП | Дозвола за извоз на разни производи на хемиската индустрија и пероксоли на неоргански киселини и метали и сл. | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| I025 | МЖСПП | Дозвола за увоз на нова техничка стока која содржи разладни средства | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| I020 | МЖСПП | Дозвола за увоз на употребувани гуми | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| I044 | МЖСПП | Дозвола за увоз на загрозени и заштитени диви раститенија, габи и животни и нивни делови | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| E044 | МЖСПП | Дозвола за извоз на загрозени и заштитени диви раститенија, габи и животни и нивни делови | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| I038 | МЖСПП | Дозвола за увоз на отпадни материи | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| E038 | МЖСПП | Дозвола за извоз на отпадни материи | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| I043 | МЖСПП | Дозвола за увоз на минерали на азбест | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| E048 | МЖСПП | Дозвола за извоз на руди и минерали на молибден | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| I048 | МЖСПП | Дозвола за увоз на руди и минерали на молибден | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| E016 | МКУЗКН | Уверение за извоз и изнесување на незаштитени културни добра | Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство |